# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

8 Мај 2017 година Гевгелија Број 7 Година XL

Врз основа на член 26 од Законот за рамномерен регионален развој ("Службен весник на РМ" бр.63/07, 187/13, 43/14, 215/15 год.) и член 89 став (1) од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.04.2017 година, расправајќи по Предлог-Годишниот извештај за работата на Југоисточниот плански регион за 2016 година, го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

1.Се усвојува Годишниот извештај за работата на Југоисточниот плански регион за 2016 година.

2.Еден примерок од Заклучокот да се достави и до Југоисточниот плански регион.

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-926/1
2.05.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 26 од Статутот на општина Гевгелија, („Службен гласник на општина Гевгелија“ бр.25/06 и 08/10), а во врска со член 20-б, став (1) алинеа 3 и став (2) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/14, 199/14 и 27/16г.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 27.04.2017г., ја донесе следната

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Годишниот план за вработување на општина Гевгелија за 2018 година**

**Член 1**

Се дава согласност на Годишниот план за вработување на општина Гевгелија за 2018 година, изготвен и предложен од Градоначалникот на општина Гевгелија.

**Член 2**

Се обврзува Градоначалникот на општина Гевгелија, Годишниот план за вработување на општина Гевгелија за 2018 година, да го достави на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-927/1
2.05.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 37 од Законот за култура (Службен весник на РМ" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07 И 116/10 год.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.04.2017 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1.Се усвојува Годишниот извештај за работата на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито" од Гевгелија за 2016 година, усвоен од Управниот одбор на оваа јавна установа со Одлука бр.02-18/1 од 09.03.2017 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-928/1
2.05.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов с.р.*

---

Врз основа на член 37 од Законот за култура (Службен весник на РМ" бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07 И 116/10 год.) и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.04.2017 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1.Се усвојува Годишната програма за работа на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз-Тито" од Гевгелија за 2017 година, усвоен од Управниот одбор на оваа јавна установа со Одлука бр.02-17/1 од 24.01.2017 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-929/1
2.05.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов с.р.*

---

Врз основа на член 15, точка 4 од Статутот на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 27.04.2017 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

1.Се усвојува Извештајот за работа на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2016 година, усвоена од Управниот одбор при оваа установа со Одлука бр.02-23/1 од 05.04.2017 година.

2.Ова решение влегува во сила на денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-930/1
2.05.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 15, точка 6 од Статутот на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија и член 38 став (1) точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 13.03.2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се усвојува Годишна програма за работа на ЈОУ Дом на култура "Македонија"-Гевгелија за 2017 година, усвоена од Управниот одбор при оваа установа со Одлука бр.02-23/2 на 05.04.2017 година.

2.Ова решение влегува во сила на денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-931/1
2.05.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 89 став 2 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), и член 375 став 2 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр.169/15 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.04.2017 година, расправајќи по Извештајот за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Гевгелија за 2016 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Извештајот за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија за 2016 година.

2.Примерок од овој Заклучок да се достави до Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија.

3.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-932/1
2.05.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 89 став 2 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), и член 374 став 3 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр.169/15 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.04.2017 година,

расправајќи по Програмата за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во Гевгелија за 2017 година, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1. Се усвојува програмата за работата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија за 2017 година.

2.Сите забелешки и предлози од работата на комисиите на Советот и од седницата на Советот на општина Гевгелија да се достават до Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата, до Полициската станица од општа надлежност во Гевгелија и до Одделението за комунални работи и локални патишта во општина Гевгелија, и истите да постапуваат по нив.

3.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-933/1
2.05.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 143 и 146 од Законот за заштита и спасување ("Службен Весник на РМ" бр.46/04 и 86/08 год.) и член 89 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 05.05.2017 година, расправајќи за Предлог-барањето за донесување Заклучок за исплата на заостанатите финансиски средства од Буџетот на РМ на оштетените баратели од елементарни непогоди во општина Гевгелија, го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува Барањето од група граѓани од општина Гевгелија за донесување Заклучок од Советот на општина Гевгелија за исплата на заостанатите финансиски средства од Буџетот на РМ на оштетените баратели од елементарни непогоди во општина Гевгелија.

2. **Се усвојуваат следниве забелешки при дискусијата по оваа точка:**

-Се обврзуваат пратениците од Гевгелија во Собранието на РМ лично да се *заложат до* надлежните државни институции да се исплати обештетувањето за елементарните непогоди на територијата на општина Гевгелија.

- Да се утврдат приоритетите за исплата и пратениците во Собранието на РМ да елаборираат на Седница на Советот на општина Гевгелија дали се залагале за добивање финансиски средства од Буџетот на РМ, и да се утврди периодиката на исплатата.

- Се обврзува општинската администрација да побара Извештај од Дирекцијата за заштита и спасување во Скопје околу наводното давање мислење до Републичката комисија за проценка на штети од елементарни непогоди дека пожарот во Гевгелија од август 2012 година е третиран како "настан од мал обем".

- Да се побараат релевантни податоци од Управата за хидрометеоролошки работи во Скопје за да се утврди дали имало атмосферско празнење над реонот на депонијата во с.Негорци на денот на избувнувањето на пожарот во август 2012 година,

-Се обврзува општинската администрација да подготви писмен допис до државните институции за исплата на неисплатеното обештетување за сите елементарни непогоди во периодот од 2010 до 2015 година, и да се добие одговор дали се е во ред со доставената документација,

- Да се изврши промена во Статутот на општина Гевгелија, со одредување претставник од општинската администрација којшто ќе реферира за тоа како се исплатуваат обештетувањата,

- Се обврзува Советот на општина Гевгелија да донесе Заклучок за итна исплата на сите неисплатени обештетувања на штетите од елементарните непогоди во општина Гевгелија, и истиот Заклучок да се испрати до надлежните институции за исплата,

- Да се добие официјален одговор од Владата на РМ околу изземањето на општина Гевгелија од проценката на штетите причинети од ниските температури во април 2017 година, и да се наведат конкретните причини за таквиот Заклучок.

3. Заклучокот да се достави до Републичката комисија за процена и утврдување на висината на штетата настаната од природни непогоди и други несреќи, Владата на РМ, Министерството за финансии, МЗШВ, Републичкиот завод за статистика, Дирекцијата за заштита и спасување и Управата за хидрометеоролошки работи, за разгледување и превземање на потребните активности и мерки.

4.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-979/1
8.05.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов с.р.*

---

Врз основа на член 38 став (1) точка 44 од Статутот на општина Гевгелија, („Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10), а во врска со член 6, став (1) и (3) од Законот за комуналните такси („Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 64/05, 92/07 и 123/12г.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 27.04.2017г., ја донесе следната

## О Д Л У К А

## За определување на населено место без јавно осветлување и ослободување од плаќање на комунална такса за баратели коишто не користат јавно осветлување

### Член 1

Со оваа Одлука се определува ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување на неколку иматели на броила на електрична енергија во населеното место Богородица-општина Гевгелија, каде што нема јавно осветлување.

### Член 2

Се обврзува општина Гевгелија, врз основа на оваа Одлука и доставените фактури за испорачана електрична енергија, да ги извести надлежните органи за ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување на имателите

на броила на електрична енергија во населеното место Богородица, каде што нема јавно осветлување.

**Член 3**

Се обврзува општина Гевгелија да формира работна група која што ќе изготви Катастар на објекти коишто не користат услуга за јавно осветлување, а коишто се наоѓаат надвор од опфатот на Генералниот урбанистички план.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-934/1
8.05.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 59 став (1) од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните ("Службен весник на РМ" бр.81/05 год.) и член 89 став (1) и член 112 став (3) од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.04.2017 година, расправајќи по Предлог-Извештајот од резултатите од гласањето на Референдумот на локално ниво во општина Гевгелија, одржан на ден 23.04.2017 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Заклучокот по Извештајот од резултатите од гласањето на Референдумот на локално ниво во општина Гевгелија, одржан на ден 23.04.2017 година, усвоен и предложен од Општинската изборна комисија на Гевгелија, со Одлука бр.12-56/1 од 25.04.2017 година.

2. Извештајот да се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија" во рок од десет дена од одржувањето на Референдумот.

3.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-935/1
2.05.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 20-а од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14 и 27/16 год..) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 05.05.2017 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2017 година на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, предложен од ова јавно претпријатие под бр.01-569/1 од 29.03.2017 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-980/1
8.05.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 20-а од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14 и 27/16 год..) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 05.05.2017 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се дава согласност на Годишниот план за вработување за 2018 година на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, предложен од ова јавно претпријатие под бр.01-570/1 од 29.03.2017 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-981/1
8.05.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 37-3 став (2) од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на РМ" бр.38/96, 06/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, .......39/16 год.) и член 38 став 1 точка 44 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06 и 08/10 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 05.05.2017 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се дава согласност на Одлуката за утврдување цена на услуга на празнење септички јами во општина Гевгелија, усвоена и предложена од Управниот одбор на ЈПКД "Комуналец"-Гевгелија, под бр.02-551/3 од 24.03.2017 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-982/1
8.05.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ„ бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 став 1 алинеа 5 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ„бр.56/011, 162/012, 95/013 и 109/014), и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија („Сл. Гласник на општина Гевгелија„ бр.25/06 и 08/10г.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 05.05.2017 год., донесе

## О Д Л У К А

### За утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација на земјиштето на КП бр.1063 КО Петрово

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на локална-урбанистичка планска документација (УП за с.Петрово), со која ќе се врши вклопување на изграден објект на општина Гевгелија на КП бр.1063 КО Петрово, во класа на намена В1-1 (основно образование).

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-983/1
8.05.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
*Драги Хаџи-Николов с.р.*

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен весник на РМ„ бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 став 1 алинеа 5 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на РМ„бр.56/011, 162/012, 95/013 и 109/014), и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија („Сл. Гласник на општина Гевгелија„ бр.25/06 и 08/10г.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 05.05.2017 год., донесе

## О Д Л У К А

### За утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација на земјиштето на КП бр.1122 КО Петрово

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на локална-урбанистичка планска документација (УП за с.Петрово), со која ќе се врши вклопување на изграден објект на општина Гевгелија на КП бр.1122 КО Петрово, во класа на намена В4-8 (јавна институција).

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-984/1
8.05.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 став 1 алинеа 5 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на РМ,,бр.56/011, 162/012, 95/013 и 109/014), и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (,,Сл. Гласник на општина Гевгелија,, бр.25/06 и 08/10г.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 05.05.2017 год., донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација на земјиштето на КП бр.1869 КО Миравци-вон град**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на локална-урбанистичка планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.1869 КО Миравци-вон град, со која ќе се врши вклопување на изграден објект-шумска чуварска куќа во сопственост на ЈП за стопанисување со шуми "Македонски шуми", П.О. Скопје, во класа на намена В – Јавни институции.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-985/1
8.05.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драги Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 став 1 алинеа 5 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на РМ,,бр.56/011, 162/012, 95/013 и 109/014), и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (,,Сл. Гласник на општина Гевгелија,, бр.25/06 и 08/10г.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 05.05.2017 год., донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација на земјиштето на КП бр.1584 КО Серменин**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на локална-урбанистичка планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.1584 КО Серменин, со која ќе се врши вклопување на изграден објект-викендичка во сопственост на Ристо Николов од Гевгелија, во класа на намена А1-Домување.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-986/1
8.05.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драѓи Хаџи-Николов с.р.***

---

Врз основа на член 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти (,,Службен весник на РМ,, бр.23/11, 54/11, 155/12, 72/13, 44/14 и 115/14), член 2 став 1 алинеа 5 од Правилникот за стандарди и нормативи за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација (,,Службен весник на РМ,,бр.56/011, 162/012, 95/013 и 109/014), и член 38 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија (,,Сл. Гласник на општина Гевгелија,, бр.25/06 и 08/10г.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 05.05.2017 год., донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување потреба од донесување на урбанистичка планска документација за промена на намената на земјиштето на КП бр.1208 КО Петрово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба за донесување на локална-урбанистичка планска документација (УП за с.Петрово), со која ќе се врши вклопување на изграден објект-викенд куќа на КП бр.1208 КО Петрово, во класа на намена А1-домување.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.09-987/1
8.05.2017 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Драѓи Хаџи-Николов с.р.***

---

# АКТИ НА ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

**ГЕВГЕЛИЈА, АПРИЛ 2017 година**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

ГЕВГЕЛИЈА

**Бр.12-55/1**
**25.04.2017 година**
**Гевгелија**

Врз основа на член 43 став (1) алинеја 15, а во врска со член 55 став 2 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на Република Македонија“, бр.81/2005), Одлуката за распишување на референдум на локално ниво, бр.09-626/1 од 15.03.2017 година („Службен гласник на општина Гевгелија“, бр.3/2017), и Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за распишување на референдум на локално ниво, бр.08-784/1 од 06.04.2017 година („Службен гласник на општина Гевгелија“, бр.5/2017), Оштинската изборна комисија Гевгелија, на седницата одржана на ден 25.04.2017 година, го усвои следниот:

## И З В Е Ш Т А Ј
## за резултатите од гласањето на Референдумот на локално ниво во општина Гевгелија одржан на 23.04.2017 година

## I. ВОВЕД

Советот на општина Гевгелија со Одлука за распишување на референдум на локално ниво, бр.09-626/1 од 15.03.2017 година („Службен гласник на општина Гевгелија“, бр.3/2017), и Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за распишување на референдум на локално ниво, бр.08-784/1 од 06.04.2017 година („Службен гласник на општина Гевгелија“, бр.5/2017), распиша Референдум на локално ниво за подрачјето на општина Гевгелија, и со истите ги определи денот на одржување на референдумот на 23 април (недела) 2017 година.

Референдумското прашање гласи: „Дали сте ЗА или ПРОТИВ отворање на рудници за метални минерални суровини на територијата на општина Гевгелија ?".

Референдумот го спроведоа Оштинската изборна комисија Гевгелија, 37 Избирачки одбори за избирачките места од 0333 до 0367 на територијата на општина Гевгелија, и 3 Избирачки одбори формирани за спроведување на гласањето во казнено – поправните установи, за гласачите кои на денот на гласањето се наоѓаат на издржување на казна затвор или се во притвор.

Референдумот се спроведе согласно одредбите од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на Република Македонија“, бр.81/2005) и Изборниот законик („Службен весник на РМ“„ бр.40/2006, 136/2008, 148/2008, 155/2008, 163/2008, 44/2011, 51/2011, 142/12, 31/2013, 34/2013, 14/2014, 30/2014, 196/2015, 35/2016, 97/2016, 99/2016, 136/2016 и 142/2016).

## II. ЕВИДЕНЦИЈА НА ИЗБИРАЧКОТО ПРАВО

Согласно член 52 и член 31 став (2) точка 31 од Изборниот законик, Државната изборна комисија го заклучи и го потпиша Избирачкиот список за избирачите со живеалиште на територијата на општина Гевгелија и констатира дека вкупниот број на избирачи во општина Гевгелија изнесува:

**19.459 (деветнаесет илјади четиристотини педесет и девет),** од кои:

- **19.428 (деветнаесет илјади четиристотини дваесет и осум),** се запишани во изводите од Избирачкиот список за граѓаните со живеалиште во општина Гевгелија и посебните изводи од Избирачкиот список за лицата кои согласно евиденцијата на надлежниот орган се на привремена работа или престој во странство, и
- **31 (триесет и еден)** се запишани во посебните изводи од Избирачкиот список за спроведување на гласањето во казнено – поправните установи, за гласачите кои на денот на гласањето се наоѓаат на издржување на казна затвор или се во притвор.

## III. СПРОВЕДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНДУМОТ

Референдумот го спроведоа Оштинската изборна комисија Гевгелија и Избирачките одбори:

- 37 Избирачки одбори за утврдените 37 избирачки места во општина Гевгелија од член 175 став (1) Изборна единица 4 точка 13 и 14 од Изборниот законик: 0333, 0334, 0335, 0336, 0337, 0338, 0339, 0340, 0341, 0342, 0343, 0344, 0345, 0346, 0347, 0348, 0349, 0349/1, 0350, 0350/1, 0351, 0352, 0351, 0352, 0353, 0354, 0355, 0356, 0357, 0358, 0359, 0360, 0361, 0362, 0363, 0364, 0365, 0366 и 0367, и
- 3 Избирачки одбори, формирани за спроведување на гласањето во казнено – поправните установи: КПУ Идризово, КПУ Затвор Скопје и КПУ Затвор Гевгелија, за избирачите кои на денот на гласањето се наоѓаат на издржување на казна затвор или се во притвор.

Согласно член 43 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните:

„Општинската Изборна Комисија:
- се грижи за законито подготвување и спроведување на референдумот на локално ниво;
- ги именува претседателот, членовите и нивните заменици на избирачките одбори;
- ја усогласува работата и им дава упатства на избирачките одбори;
- презема технички подготовки за спроведување на референдум на локално ниво;
- ги пропишува обрасците за спроведување на референдум на локално ниво и ги објавува во службеното гласило на општината, градот Скопје и општините во градот Скопје;
- ја утврдува формата, големината, бојата и сериските броеви на гласачките ливчиња;
- ги предава и прима гласачките материјали на и од избирачките одбори;
- определува единствени стандарди за гласачкиот материјал;
- ги информира граѓаните за начинот и техниката на гласањето и за остварување на избирачкото право;
- го определува начинот на чување и ракување со гласачкиот материјал;
- го организира печатењето на гласачкиот материјал;
- го утврдува надоместокот на органите за спроведување на референдум на локално ниво и поднесува финансиски извештај до советот за спроведениот референдум на локално ниво;
- го утврдува и објавува резултатот од референдумот на локално ниво во рок од два дена од денот на неговото одржување;
- одлучува по приговори и
- врши и други работи утврдени со закон."

Општинската изборна комисија Гевгелија, во подготовката на референдумот во координација со Државната изборна комисија, ги презеде сите свои законски обврски, и навреме беа завршени сите активности.

На 22.04.2017 година, односно еден ден пред денот определен за одржување на референдумот го предаде материјалот за спроведување на референдумот на Избирачките одбори.

На 22.04.2017 година, гласаа болните и немоќни лица кои претходно беа пријавени до Општинската изборна комисија Гевгелија. Гласањето на оваа категорија избирачи го спроведоа Избирачки одбори од соодветното избирачко место каде што живеат пријавените лица.

На 22.04.2017 година гласаа и избирачите во казнено – поправните установи, односно кои на денот на гласањето се наоѓаат на издржување на казна затвор или се во притвор. Гласањето на оваа категорија избирачи го спроведоа 3 посебни Избирачки одбори формирани од Општинската изборна комисија Гевгелија.

На 23.04.2017 година сите 37 Избирачки места во општина Гевгелија беа навреме отворени во 7:00 часот. Во текот на денот гласањето се одвиваше без проблеми, освен поситни проблеми од технички карактер кои веднаш беа решавани.

Одзивот на гласањето беше проверен во 3 термини во текот на денот 10:00, 13:00 и 17:00 часот и истиот изнесуваше:

- До 10:00 часот, гласаа 2.196 избирачи, односно 11,29% од вкупно запишаните избирачи,
- До 13:00 часот, гласаа 6.970 избирачи, односно 35,82% од вкупно запишаните избирачи, и
- До 17:00 часот, гласаа 11.345 избирачи, односно 58,30% од вкупно запишаните избирачи.

Гласањето заврши во 19:00 часот на сите 37 Избирачки места, и во предвидениот рок од 3 часа по завршување на гласањето, сите 37 Избирачки одбори до Општинската изборна комисија Гевгелија ги доставија Записникот за гласање, сумирање и утврдување на резултатите од гласањето (Образец бр.16Р), доверливиот и недоверливиот материјал.

По приемот на записниците од Избирачките одбори, Општинската изборна комисија Гевгелија ги сумира резултатите од гласањето на избирачките места од општина Гевгелија, и го состави Записникот за сумирање на резултатите од гласањето на Референдумот (Образец бр.21Р), по што истиот е објавен на огласната табла на општина Гевгелија.

Општинската изборна комисија Гевгелија, утврди дека гласањето е спроведено на сите 37 Избирачки места во општина Гевгелија, а Записниците од избирачките одбори и доверливиот материјал се добиени во рок од 3 часа по завршување на гласањето, согласно член 49 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните.

Општинската изборна комисија Гевгелија, утврди дека во изводот од Избирачкиот список за општина Гевгелија, се запишани вкупно **19.459 (деветнаесет илјади четиристотини педесет и девет) избирачи**.

Општинската изборна комисија Гевгелија, согласно доставените Записници 16Р, утврди дека:

**Вкупно гласале 13.384 (тринаесет илјади тристотини осумдесет и четири) избирачи, што во проценти изнесува 68,78% од вкупно запишаните избирачи;**

**Неупотребени гласачки ливчиња останале 6.075 (шест илјади седумдесет и пет);**

**Неважечки гласачки ливчиња се 133 (сто триесет и три), што во проценти изнесува 0,99% од избирачите што гласале;**

**Вкупно важечки гласачки ливчиња се 13.251 (тринаесет илјади двестотини педесет и еден) од кои:**

- **„ЗА“ се изјасниле 154 (сто педесет и четири) избирачи, што во проценти изнесува 1,15% од избирачите што гласале;**
- **„ПРОТИВ“ се изјасниле 13.097 (тринаесет илјади деведесет и седум) избирачи, што во проценти изнесува 97,86% од избирачи што гласале.**

## IV. ЗАШТИТА НА ИЗБИРАЧКОТО ПРАВО

Согласно член 65 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните: „Секој граѓанин има право да поднесе приговор поради неправилности во постапката за гласање, сумирање и утврдување на резултатите од гласањето во рок од 24 часа од денот на одржување на референдумот на локално ниво до Општинската изборна комисија Гевгелија“.

Во предвидениот рок до Општинската изборна комисија Гевгелија, НЕ Е ПОДНЕСЕН НИТУ ЕДЕН ПРИГОВОР.

## V. КОНЕЧНИ РЕЗУЛТАТИ

Општинската изборна комисија Гевгелија, ги утврди конечните резултати од Референдумот на локално ниво во општина Гевгелија, одржан на 23.04.2017 година:

| | |
|---|---|
| Вкупен број на избирачи запишани во Избирачкиот список за општина Гевгелија | **19.459** |
| Вкупен број на избирачки места | **37** |
| Вкупно гласале | **13.384** |
| Процент на избирачи кои гласале од вкупно запишаните избирачи | **68,78%** |
| Неупотребени гласачки ливчиња | **6.075** |
| Вкупен број на неважечки гласачки ливчиња | **133** |
| Процент на неважечки ливчиња од избирачи што гласале | **0,99%** |
| Вкупен број на важечки гласачки ливчиња | **13.251** |
| „ЗА“ се изјасниле | **154** |
| Процент на избирачи кои се изјасниле „ЗА“ од избирачи што гласале | **1,15%** |
| „ПРОТИВ“ се изјасниле | **13.097** |
| Процент на избирачи кои се изјасниле „ПРОТИВ“ од избирачите што гласале | **97,86%** |

| | Добиени гласови | Процент од избирачите што гласале | Процент од вкупно запишани избирачи во Избирачкиот список |
|---|---|---|---|
| „ЗА“ | 154 | 1,15% | 0,79% |
| „ПРОТИВ“ | 13.097 | 97,86% | 67,31% |
| Неважечки | 133 | 0,99% | 0,68% |
| **Вкупно гласале** | **13.384** | 100,00% | |

## VI. ЗАКЛУЧОК

Согласно член 41 став 1 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните: „Одлуките на референдум на локално ниво се сметаат за донесени ако за нив гласале мнозинството од вкупниот број граѓани кои гласале, доколку гласале повеќе од половината од вкупниот број граѓани запишани во изводот од Избирачкиот список за општината, каде што се спроведува референдумот“.

Општинската изборна комисија Гевгелија, врз основа на конечните резултати од одржаниот референдум КОНСТАТИРА дека:

**На Референдумот на локално ниво во општина Гевгелија одржан на ден 23.04.2017 година, опцијата „ПРОТИВ“ отворање на рудници за метлични минерални суровини на територијата на општина Гевгелија, го доби потребното мнозинство гласови од член 41 став 1 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните .**

**ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ГЕВГЕЛИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
Гордана Поп Кочева с.р.

**ЧЛЕНОВИ:**
1.Димитар Апостолов-зам член с.р.
2.Сузана Паласкарова-член с.р.
3.Петранка Чавдаров-член с.р.
4.Митко Дојчинов-член с.р.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

ГЕВГЕЛИЈА

**Бр.12-56/1**
**25.04.2017 година**
**Гевгелија**

Врз основа на член 43 став (1) алинеја 15 и член 59 од Законот за референдум и други облици на непосредно изјаснување на граѓаните („Службен весник на Република Македонија", бр.81/2005), Општинската изборна комисија ГЕВГЕЛИЈА, на седницата одржана на ден 25.04.2017 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА
**За Усвојување на Извештајот за резултатите од гласањето на Референдумот на локално ниво во општина Гевгелија одржан на 23.04.2017 година**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за резултатите од гласањето на Референдумот на локално ниво во општина Гевгелија одржан на 23.04.2017 година.

**Член 2**

Одлуката и Извештајот да се доставаат до Советот на општина Гевгелија во рок од три дена од одржување на референдумот.

Извештајот да се објави во Службен гласник општина Гевгелија во рок од десет дена од одржување на референдумот.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА ГЕВГЕЛИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
Гордана Поп Кочева с.р.

**ЧЛЕНОВИ:**
1.Димитар Апостолов-зам член с.р.
2.Сузана Паласкарова-член с.р.
3.Петранка Чавдаров-член с.р.
4.Митко Дојчинов-член с.р.

# СОДРЖИНА

1.Заклучок за усвојување Годишниот извештај за работта на Југоисточниот плански регион за 2016 година ........ 254
2.Одлука за давање согласност на Годишниот план за вработување на општина Гевгелија за 2018 година ........ 254
3.Решение за усвојување Годишниот извештај за работа на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" од Гевгелија за 2016 година ........ 255
4.Решение за усвојување Годишната програма за работа на ЈОУ Пионерски дом "Јосип Броз Тито" од Гевгелија за 2017 година ........ 255
5.Решение за усвојување Извештај за работа на ЈОУ Дом на култура "Македонија" од Гевгелија за 2016 година ........ 255
6.Решение за усвојување Годишна програма за работа на ЈОУ Дом на култура "Македонија" од Гевгелија за 2017 година ........ 256
7.Заклучок за усвојување Извештајот за работата на Општинскиот совет за бзбдност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија за 2016 год........ 256
8.Заклучок за усвојување Програмата за работа на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија за 2017 год........ 257
9.Заклучок по Барањето од група граѓани од општина Гевгелија за донесување Заклучок од Советот на општина Гевгелија за исплата на заостанатите финансиски средства од Буџетот на РМ на оштетените баратели од елементарни непогоди во општина Гевгелија ........ 257
10.Одлука за определување на населено место без јавно осветлување и ослободување од плаќање на комунална такса за баратели кои што не користат јавно осветлување ........ 258
11.Заклучок за усвојување Заклучокот по Извештајот од резултатите од гласањето на Референдумот на локално ниво во општина Гевгелија одржан на ден 23.04.2017 година ........ 259
12.Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2017 година на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија ........ 260
13.Решение за давање согласност на Годишниот план за вработување за 2018 година на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија ........ 260
14.Решение за давање согласност на Одлуката за утврдување цена на услуга на празнење септички јами во општина Гевгелија ........ 260
15.Одлука за утврдување потреба од донесување на УПД на земјиште на КП бр.1063 КО Петрово ........ 261
16.Одлука за утврдување потреба од донесување на УПД на земјиште на КП бр.1122 КО Петрово ........ 261
17.Одлука за утврдување потреба од донесување на УПД на земјиште на КП бр.1869 КО Миравци - вон град ........ 262
18.Одлука за утврдување потреба од донесување на УПД на земјиште на КП бр.1584 КО Серменин ........ 263
19.Одлука за утврдување потреба од донесување на УПД за промена на немената на земјиштето на КП бр.1208 КО Петрово ........ 263

## АКТИ НА ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

1.Извештај за резултатите од гласањето на Референдумот на локално ниво во општина Гевгелија одржан на 23.04.2017 година ........................................................... 264
2.Одлука за усвојување на Извештајот за резултатите од гласањето на Референдумот на локално ниво во општина Гевгелија одржан на 23.04.2017 година ............. 268

**"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба**
**Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи,ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија**